Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ
Примено: 07-03-2023
Орг. Един. 08 | Број 625 | Прилог: | Вредност:

Врз основа со Одлуката донесена на осумдесет и четвртата редовна седницата на Наставно-научниот совет на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески" Скопје одржана на 15.02.2023, избрани сме за членови на комисија за избор на демонстратор за студиската програма по италијански јазик и книжевност на предметот Граматика на италијанскиот јазик 2 - Морфологија (0+2) за летниот семестар во академската 2022/2023 година. На интерниот оглас се пријави една кандидатка, Теодора Јосифовска, која, согласно правилата на огласот, ја приложи соодветната документација.

По разгледување на документацијата, комисијата во состав проф. д-р Александра Саржоска, проф. д-р Радица Никодиновска и проф. д-р Руска Ивановска-Наскова до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Теодора Јосифовска дипломирала во 2017 година со просек 9,92 на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на студиската програма *италијански јазик и книжевност*, наставна насока. Дипломскиот труд со наслов „ Колокациите во наставата по италијански јазик како странски" имал за цел да го опише овој јазичен феномен кој преставува предизвик при изучување на италијанскиот јазик како странски и истовремено да понуди практични решенија за негово совладување преку наставата. Во текот на академската 2016/2017 била стипендист на Еразмус+ програмата за студентска мобилност и остварила студентски престој во времетраење од пет месеци на Универзитетот Алдо Моро во Бари, Италија.

Јосифовска е добитник на наградата „26 Јули" за најдобар студент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во академската 2016/2017 година. За време на студиите волонтирала во Институтот Данте Алигиери во Скопје, чија примарна цел е ширење и промоција на италијанскиот јазик и култура во Македонија. Како волонтер таа помагала во организацијата на: културни настани (*Недела на италијанскиот јазик во светот, Недела на италијанската кујна во светот, Европскиот ден на јазиците, Отворен ден на Институт Данте Алигиери, Кино-клуб, Конверзациски средби*), средби со италијански писатели, семинари, научни конференции и сл. Волонтирала и во библиотеката при Катедрата за италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", а дала свој придонес и во организацијата на разновидни настани одржани на истата Катедра. Во текот на зимскиот семестар од академската 2017/2018 година била тутор по предметот Современ италијански јазик 7 и одржувала вежби и консултации по овој предмет на студентите од четврта година. Од октомври 2017 до јуни 2018 година била ангажирана како наставник по италијански јазик во рамките на протоколот за соработка помеѓу Филолошкиот Факултет „Блаже Конески" и Министерството за надворешни работи на Република Македонија за обезбедување на курсеви по странски јазици за вработените во Министерството.

Од септември 2018 година до март 2019 година била професор по италијански јазик во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ во Скопје. Во учебната 2018/2019 година предавала италијански јазик на ученици од петто одделение од ООУ „Кочо Рацин“ од Скопје во рамки на проектот на Институтот Данте Алигиери од Скопје, Амбасадата на Италија во Скопје и Министерството за надворешни работи на Италија чија цел е популаризација на италијанскиот јазик во основните училишта. Од април 2018 година е наставник по италијански јазик во Институт Данте Алигиери во Скопје каде што одржува индивидуални и групни часови по италијански јазик на младинци и возрасни. Од април 2019 година е одговорно лице за спроведување на испитот ПЛИДА (Progetto Lingua Italiana Dante Alighieri) за познавање италијански јазик. Од мај 2019 година до декември 2021 година била вработена како кореспондент во италијанска продажна компанија со седиште во Скопје.

Во академската 2021/2022 година, во текот на зимскиот и летниот семестар Теодора Јосифовска, беше ангажирана на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески” Скопје, како демонстратор за студиската програма по италијански јазик и книжевност на предметот *Граматика на италијанскиот јазик 1 – Фонетика и морфологија* во зимскиот семестар (0+2) и по предметот *Граматика на италијанскиот јазик 2 – Морфологија* во летниот семестар (0+2).

Во академската 2022/2023 година, во текот на зимскиот семестар, Јосифовска беше ангажирана на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески” Скопје, како демонстратор за студиската програма по италијански јазик и книжевност на предметот *Граматика на италијанскиот јазик 1 – Фонетика и морфологија* (0+2).

Теодора Јосифовска е запишана на втор циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, на студиската програма *наука за јазик*, отсек *романистика*. Студиите опфаќаат проучување на италијанската фразеологија и паремиологија, социолингвистиката и стратификацијата во италијанскиот јазик, како и примената на електронски корпуси во истражувањата поврзани со италијански јазик. Покрај овие области, истражувачките интереси на Теодора Јосифовска се движат и во рамките на лексикографијата, лексикологијата и компјутерската лингвистика.

Во јануари 2022 година била учесник во јазичната работилница *Термини и терминолошки изрази од доменот на ковид-пандемијата во македонскиот, во француските и во италијанскиот јазик*, организирана во рамките на научноистражувачкиот проект ТЕРМАКФРИТ, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

Во јуни 2022 година била дел од организацискиот одбор и учесник со презентација на Втората меѓународна конференција *Италијанскиот јазик и словенските јазици. Споредба, контакт, настава* организирана од Катедрата по италијански јазик и книжевност при Филолошки факултет „Блаже Конески“, одржана на 23 и 24 јуни 2022. Во септември 2022 година била стипендист на Универзитетот за странци во Перуџа, Италија

(Università per Stranieri di Perugia) и посетувала едномесечен курс по италијански јазик и култура на ниво С2.3 според Заедничката Европска Референтна Рамка за јазици.

Теодора Јосифовска постојано ги надоградува своите познавања од областа на италијанската лингвистика и дидактиката на италијанскиот јазик како странски преку учество на разновидни семинари и обуки, организирани од страна на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошки факултет „Блаже Конески“, Институтот Данте Алигиери од Скопје, Здружението на професори по италијански јазик и Амбасадата на Италија во Скопје. На 27 јануари и 4 февруари 2023 година посетила обука за наставници по италијански јазик на тема „Интеграција на дигиталните игри на час по италијански јазик како странски”, организирана од Здружението на професори по италијански јазик, со поддршка на Амбасадата на Италија во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на погоре изнесените податоци кои ги потврдуваат квалитетите и познавањата на кандидатката Теодора Јосифовска од областа на наставата по италијански јазик како странски и искуството што таа го стекнала од нејзината вклученост во наставниот процес, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески ” Скопје да ја избере Теодора Јосифовска за демонстратор на студиската програма италијански јазик и книжевност по предметот Граматика на италијанскиот јазик 2 - Морфологија (0+2) за летниот семестар во академската 2022/2023 година.

Со почит,

Скопје, 28.02.2023

Комисија

проф.д-р Александра Саржоска

проф.д-р Радица Никодиновска

проф.д-р Руска Ивановска -Наскова